УП1 бр. 14-1156
____________година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Меѓународниот Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се обрати со барање бр. 03-207/2 од 21.05.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1156 од 28.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-71/4 од 13.05.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП 1 бр. 14-1156 од 03.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 25.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1156 од 31.07.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус тригодишни студии по Компјутерски системи и мрежи на Факултетот за информатика при Меѓународен Славјански Универзитет, Г. Р. Державин, Свети Николе-Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР / MINISTËR**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Јуревска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:Dr. Agim Rushiti